Република Македонија
**Министерство за здравство**

До
Национален Ромски центар
Ул. Доне Божинов бр. 11/5
1300
Куманово

Бр. 08-5755/2

12-08-2013 година

Скопје

Министерство за здравство

50-та Дивизија б.б,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

Почитувани,

Во врска со вашиот допис со бр. 0804-215/10 со кој го известувате Министерството за здравство за Проектот "Преку засилен глас до подобри здравствени услуги" и вашите препораки од Проектот и барањето државата да ја покрие партиципацијата од 2.240,00 денари по жена со што би се обезбедил бесплатен пристап до антенатални услуги за сите жени кориснички на социјална помош, Министертсвото за здравство Ве известува за следново:

Министерството за здравство во насока на континуирано подобрување на пристапот кон здравствената заштита на сите жени во Република Македонија како и намалување на доенечка и матернална смртност донесе и усвои на седница на Владата на Република Македонија, Акционен план за намалување на матернална, перинатална и доенечка смртност за 2013-2014 година, во кој е предвидено ревидирање на националните клинички упатства за антенатална грижа и разгледување на можностите за ослободување од партиципација за здравствени услуги во текот на бременоста согласно протоколот за антенатална грижа за социјално загрозени групи жени – невработени, примателите на социјална помош и вработени со плата пониска од просечната плата.

Акционен план за намалување на матернална, перинатална и доенечка смртност за 2013-2014 година е достапен на веб страната на Министертсвото за здравство.

*Изработил:Нермина Факовиќ*
*Одобрил:Прим. д-р Јованка Костовска*

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
М-р Јовица Андовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ